МЕД македонско еколошко друштво
# ИНФОРМАТОР #18
Декември 2012
МЕД MES

## Четириесет годишен јубилеј!

40 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

YEARS MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

Членовите на МЕД, 2012 година, го прославија своето 40-годишно активно делување на полето на екологијата, преку промовирање на екологијата како наука, заштита и унапредување на животната средина и природата, ширење и унапредување на еколошките знаења и образование, и промовирање на принципот на одржлив развој.

....Далечната 1971 година, за еколозите од Македонија е значајна бидејќи токму таа година, тие формираат самостојно друштво во рамките на Сојузот на друштвата на еколозите на Југославија, а во 1972 година, Друштвото се регистрира на републичко ниво и започнува самостојно да функционира под името „Друштво на еколозите на Социјалистичка Република Македонија", при што за прв пат ги идентификува и дефинира својата мисија, цели и задачи. Друштвото во 1999 година, се пререгистрира како „Македонско еколошко друштво", а во 2008 година, мисијата и визијата на МЕД беа јасно допрецизирани во проширениот Статут на МЕД. Првиот стратешки план за работа беше изработен во 2009 година....

.... Своите активности МЕД ги реализира преку спроведување и учество во проекти, организирање научни и стручни собири, издавање научни и популарни изданија, обука на своите членови, медиумска промоција, соработка со и зачленување во други домашни и меѓународни здруженија и асоцијации....

# „ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ

## Програма за мали грантови на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина

Во периодот февруари - септември 2012 година, во рамките на проектот беше спроведена и „**Програма за мали грантови на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина**", како значаен дел од територијата која ја населува и каде живее балканскиот рис. Интересот на локалното население за учество во оваа програма беше огромен, така што за регионот беа подготвени и пристигнати вкупно 39 предлог проекти. МЕД и Еуронатур селектираа седум проекти на кои им доделија финансиски средства за нивна реализација.

Два од овие проекти, „Запознавање со разновидниот растителен и животински свет на Илинска и Плакенска Планина" и „Промоција на Белчишкото блато како последна фаза на еволутивниот развој на поранешното природно езеро", беа поврзани со едукација и подигнување на јавната свест кај локалното население, особено меѓу младите студенти. Два проекти, „Заштита на автохтоната пастрмка *Salmo macedonicus* во горниот тек на реката Треска" и „Промоција на Белчишкото блато „Сини Вирој" и подигање на јавната свест за неговата заштита" беа директно поврзани со зачувување на природата. Проектот „Илинска и Плакенска Планина - чувари на нашето здравје и благосостојба", беше поврзан со одрживо користење на природните ресурси, додека проектите „Запознавање и промоција на убавините на Илинска Планина" и „Импресии од Илинска и Плакенска Планина" беа поврзани со промоција на регионот и развој на туризмот. Спроведувањето на сите избрани проекти беше во рамките на предвидениот временски период на реализација и динамика, без никакви пречки, што се гледа во постигнатите резултати на секој проект. Вредно е да се спомenат некои од постигнатите резултати и придобивки за регионот, како што се: изработените интересни промотивни материјали, снимените кратки едукативни филмови со конкретни пораки и насоки за промовирање и заштита на регионот, организираните бројни настапи, изложби и спроведени обуки, претставувањето различни активности и пишани творби преку организирани собири и манифестации, поставувавање насочници и едукативни табли во регионот.

Се надеваме дека доделувањето на овие мали грантови даде значителен придонес за локалното население од областа на Илинска и Плакенска Планина, за важноста на заштитата на природата и одрживото користење на природните ресурси од една страна, и стимулација на локалното население за имплементирање вакви активности и иницијативи и во иднина.










## Спроведена работилница за улогата на фармерите и шумарите во заштитата на балканскиот рис!

Важноста и улогата на фармерите и шумарите во заштита на автохтоната популација на балканскиот рис во Република Македонија, беше главна тема за работа на работилницата организирана во Демир Хисар на 20ти ноември 2012 година каде учествуваа претставници од шумарскиот сектор, индивидуални сточари и одгледувачи на овци и добиток од регионот на Илинска – Плакенска Планина, како и од Јабланица и Шар Планина. Од особено значење беше и присуството на претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и на градоначалниците на општините Демир Хисар и Вевчани.




Во текот на работилницата, освен што беа претставени резултатите од досегашните истражувања и идните насоки на МЕД за заштитата на балканскиот рис, беа презентирани и позитивните страни во примената на традиционалните практики на одгледување на стока, како можно делување во рамките на идните заштитени подрачја кои МЕД ги предлага, како и предлози за одржливо управување и искористување на шумскиот потенцијал во овие подрачја.

На задоволство на тимот на МЕД кој повеќе години работи на проблематиката поврзана со заштитата на рисот, во текот на работилницата беа презентирани многу интересни предлози и идеи за заедничко делување на овие простори.

## НА БАЛКАНСКИОТ РИС"

### МЕД успеа да залови уште еден рис!

Мартин е името на третиот рис, кој на 31ви октомври 2012 година, МЕД го залови на планината Стогово, Кичевско. По фаќањето, рисот беше успан и детално измерен, беа земени крв и влакна за генетска анализа. Староста е проценета на 3 до 5 години, должината на телото му изнесува 98 сантиметри, а тежината - 24 килограми. По успешното поставување на ГПС околувратникот, Мартин беше ослободен во природа.



За две и пол години ова е трет рис на кој му е ставен околувратник со ГПС - уред, со кој се следат движењата на рисовите.

Првиот рис, Марко, беше заловен во Националниот парк „Маврово" (во март, 2010 година), а вториот, Ристе во март 2012 година, на територијата Лопушник - Кичево. Благодарение на ГПС и ВХФ технологијата, Мартин, како и одново фатениот рис Ристе (во ноември 2012 година), секојдневно праќаат сигнали и се следат нивните движења. Тимот на МЕД заедно со членовите на мониторинг мрежата бара жртви од овие две единки со што би дознале нешто повеќе за нивната исхрана, а оттаму и за биологијата и екологијата на ова животно. Со споредбена анализа на претходно добиените податоци од движењето на веќе заловените рисови Марко и Ристе, ќе се увиди и дали оваа единка зафаќа блиска територија на движење. Секако, активностите за заловување на нови единки продолжуваат и во иднина.

### Продолжува соработката со градинката „Мајски цвет" од Скопје

МАЈСКИ ЦВЕТ



Дел од основните цели на МЕД се промовирање на екологијата како наука и заштита на животната средина и природата. Подигнувањето на јавната свест за заштита на животната средина и природата е од огромно значење и треба да се гради уште од најмала возраст. Последните години, МЕД преку низа различни активности ги споделува своите знаења од областа на екологијата во сите нивоа на образованието, почнуваќи од децата од предучилишна возраст, учениците во основните и средните училишта, па вклучително и студентите на факултетите.

Оваа година, на иницијатива на наставничката Фросина Ангелова од скопската градинка „Мајски цвет", но и по желба на децата, МЕД ја продолжи веќе започнатата соработка од 2009 година. Планирано е во периодот октомври 2012 – април 2013 година, да се спроведат низа едукативни предавања наменети за децата на возраст од 3-6 години. Тие, на интересен и забавен начин ќе се запознаат со различни диви животни кои живеат во нашата држава. Досега беа претставени мечката, рисот, лисицата и волкот, нивните основни карактеристики, место и начин на живеење, а слични предавања се планирани и за други претставници влекачи, птици, риби и инсекти.



Искуството здобиено со спроведување едукативни активности во изминатите години се покажа како успешно, па така МЕД и во иднина ќе настојува да спроведува вакви едукативни предавања наменети за младите.

# Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас

Финализирањето на предлог студијата за валоризација на „Осоговските Планини“ за прогласување заштитено подрачје во категоријата заштитен предел и нејзина промоција, беше во фокусот на работењето на тимот од МЕД кој работи на овој проект. Во контекст на ова, беа организирани низа состаноци со клучните страни, на кои беше презентирана и дискутирана содржината на овој документ:

- На 15ти ноември 2012 год. се одржа состанок во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), на кој присуствуваа претставници од повеќе сектори од ова министерство, меѓу кои заменик министерот, г-н Стево Темелков и еден од најголемите концесионери во регионот, г-н Максим Прохоров.
- На 23ти ноември 2012 год., беше одржан состанок со членовите на Координативното тело, на кој присуствуваа претставници од МЖСПП, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, ЈП „Македонски шуми“, два концесионери од регионот, градоначалникот на општината Кратово, претставник од општината Кочани, гости и секако, членови на МЕД.
- Дополнителни консултации беа направени со вработените во ЈП „Македонски шуми“ и Кабинетот на Владата на РМ.

Предлог студијата беше добро прифатена од клучните страни и истата наскоро ќе биде доставена до МЖСПП, за разгледување и оцена, како и покренување на законски пропишаната постапка за прогласување на ново заштитено подрачје.





FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

Експертските тимови на МЕД и Бугарската фондација за биоразнообразие (ББФ) на 24ти ноември 2012 година во Ќустендил - Бугарија одржаа состанок на кој ја дефинираа прелиминарната листа на целни видови за биодиверзитетот на Осоговските Планини, кои понатаму ќе бидат користени за дефинирање на мерките за заштита во идниот план за управување или ќе послужат како мониторинг видови. Особено внимание беше посветено на крупните цицачи, за кои наредната година ќе се спроведе мониторинг сесија со користење на фото замки. Се очекува дека на овој начин ќе се добијат попрецизни податоци околу присуството на различни видови цицачи и густината на популациите.

# Национален Комитет за спроведување на Програмата на УНЕСКО „Човек и биосфера“

МЖСПП го обнови Национален Комитет за спроведување на Програмата Човек и биосфера (Националниот МАБ Комитет). На 28ми ноември 2012 год. се одржа инаугуративен состанок за усвојување на составот на Комитетот, во организација на МЖСПП, а со поддршка од МЕД. Структурата на Комитетот беше ревидирана од страна на МЖСПП, при што беше запазено вклучување на различни институции, меѓу кои и МЕД како невладина организација. Ова би требало да води кон успешно реализирање на целите на МАБ Програмата.

МАБ Комитетот има значајна улога во водењето на процесите за номинирање на одредени подрачја како биосферни резервати. На состанокот беше презентирана иницијативата за воспоставување на биосферен резерват на Осоговските Планини, со што ова тело би имало клучна улога во спроведувањето на оваа иницијатива на високо државно ниво. Покрај Осогово, во Македонија интензивно се работи на спроведување на ваква иницијатива и во охридско-преспанскиот регион.



## Членовите на МЕД на годишна средба!







Средбите на членовите на МЕД се важен дел од постојаната комуникација и координација, разменувањето искуства, идеи и предлози, во прилог на идниот развој на Друштвото. Со ова МЕД ја остварува и својата мисија, да се обединат сите еколози од Македонија, да се придонесе кон развој на екологијата и поефикасно решавање на проблемите во животната средина.

Триесетина членови на МЕД, заедно со дел од членовите на претседателскиот одбор, на 7ми октомври 2012 год. одржаа работна средба во Пехчево.

За време на работниот дел од средбата, накусо беше претставена организационата структура на МЕД, која беше вовед кон дискусија. Од изнесените предлози беа донесени неколку важни заклучоци, како, да се спроведе ревизија на актуелните секции и изнаоѓање начини за активирање на недоволно активните секции, навремено да се информираат членовите за идните збиднувања во МЕД, да се организираат вакви средби најмалку двапати годишно, и да се интензивира вклучувањето на членството во тековната работа на Друштвото.

Средбата на членовите на МЕД заврши со прошетка до локалитетот Рамна Река во изворишниот дел на реката Брегалница.

## Да ја заштитиме реката Треска!

На 24ти септември 2012 година, во просториите на ОУ „Владимир Полежиноски“ во Кичево, беше одржана трибина на тема „Деградација на реката Треска и нејзините притоки – закани и предизвици“. Организатор на трибината беше Здружението на граѓани Брждани 2010, како дел од активностите предвидени со проектот за заштита на автохтоната Македонска пастрмка (*Salmo macedonicus*) во горниот тек на реката Треска. На трибината беше претставена и фото-изложба за состојбата и негативните еколошки влијанија врз екосистемот на реката. Целта на трибината беше подигнување на јавната свест кај локалните чинители со посебен акцент на образованието. По завршувањето на трибината, изложбата беше предадена во трајно владение на ова училиште, со цел натамошна едукација на учениците од целиот кичевски регион. На трибината присуствуваа повеќе од стотина учесници, меѓу кои претставници од локалната самоуправа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, инспекторати, јавни претпријатија, бизнис секторот, НВО-и, медиуми.

Миле Алексоски, координатор на проектот, м-р Маја Лазареска, вклучен експерт во проектот и директорката на ОУ „Владимир Полежиноски“, м-р Силвана Кирова ја претставија фактичката состојба на истражуваното подрачје и добиените резултати. Како резултат на дискусијата, беа предложени следните насоки и идни активности:

- да се почитува постојната законска рамка,
- да се санкционираат оние кои го нарушуваат екосистемот на реката Треска и нејзините притоки, од аспект на загадувањето со хемикалии, фекалии и цврст отпад,
- да се спречи рибокрадството, како и
- да се спречи енормното зафаќање на водите за време на летниот период и нестручните градежни зафати во речните корита.

Членовите на Здружението сметаат дека добиените резултати, како и постојаната медиумска покриеност при реализацијата на овој проект, ќе придонесат кон подигнување на свеста кај сите локални чинители, и дека и покрај завршување на проектот, овие предложени активности ќе бидат реализирани, што ќе придонесе за заштитата на реката Треска и нејзината околина.



# Одржан Четвртиот конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество

Во октомври 2012 година, во Охрид, се одржа четвртиот по ред Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество. На овој конгрес учествуваа повеќе од 300 научни работници и гости од државата и од странство, и тоа од Турција, Норвешка, Швајцарија, Германија, Грција, Албанија, Бугарија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, од кои дел ги претставија своите истражувања и резултати во областа на екологијата и заштитата на животната средина. Пристигнати беа 183 апстракти, а од нив беа презентирани 155 трудови (82 усни и 73 постер презентации). Особено интересни беа презентираните три пленарни предавања кои се однесуваа на:

- Пошумувањето во услови на глобални климатски промени, проблеми, истражувања и мерки за адаптација - **проф. д-р Иван Раев, Бугарија**
- Разновидноста на брдските пасишта на варовничка подлога во централните и јужните делови на Балканскиот Полуостров - **Академик Владо Матевски, Македонија**, и
- Еден век од диатомејски истражувања на Охридското и Преспанското Езеро - **проф. д-р Златко Лефков**, Македонија

Во зависност од полето на истражување, трудовите беа поделени и презентирани во девет секции, и тоа:

- Популации, заедници и еколошко моделирање
- Структура и функционални карактеристики на копнени екосистеми
- Водни екосистеми - под закана
- Биодиверзитет и заштитени подрачја на Балканот
- Агроеколошки и силвикултурни системи
- Животна средина, загадување и климатски промени
- Пределна екологија за одржлив развој
- Урбана и хумана екологија
- Повеќестепена еколошка едукација

Најголем број презентирани трудови како и најголем интерес од страна на слушателите, беше пројавен за секцијата **Биодиверзитет и заштитени подрачја**, а најмал за секцијата **Повеќестепена еколошка едукација.** Во рамките на конгресните активности беше спроведен и **Симпозиумот на студентите по биологија**, во организација на Истражувачкото друштво на студенти биолози од Скопје, каде пријавените студенти од Македонија и Хрватска ги претставија своите достигнувања и научни резултати во екологијата.

Не помалку важна беше и **изложбата и натпреварот на детски цртежи, фотографии, колекциски и промотивни материјали** на тема **„Шумите – чувари на природата“**, од ученици од основни и средни училишта во Македонија, кои редовно учествуваат на еколошките конгреси. Прикажани беа и двата документарни филма: „Во срцето на Балканот-барајќи го рисот“ и „ Во срцето на Балканот-пеликаните од Преспа Парк“.








Околу 30-тина орнитолози од Македонија, Германија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија и Косово, со помош на германската организација ЕуроНатур, во рамките на конгресот ја реализираа **Работилницата за Јадрански прелетни коридори.**

Како главни заклучоци од Конгресот, би можеле да се издвојат следните:

1. Да се изработат и усвојат стратегии за климатските промени и да се спроведат подобрени мерки со цел, прилагодување кон влијанијата на климатските промени како во шумарскиот, така и во другите сектори во Македонија;
2. Да се воведат мониторинг и други ефективни/модерни системи за рано идентификување и предупредување при појава на шумски пожари;
3. МЕД да иницира јавна расправа во врска со климатските промени;
4. Во заштитата на природата активно да се вклучуваат луѓе кои се директно вклучени во процесите на донесување одлуки. Да се спроведат мерки за заштита на специфични подрачја;
5. Да се практикува одржливо искористување на ресурсите и обострана корист на локалните заедници со истовремено одржување и спроведување на традиционални практики;
6. Да се воведат категории на заштитени подрачја, во рамките на кои ќе биде овозможено спроведување традиционални практики од страна на човекот;
7. Со оглед на фактот дека популациската екологија во текот на последните неколку децении е запоставена, особено е важно да се промовираат популациските студии со цел да се предложат звучни и сеопфатни мерки за зачувување; и
8. Да се продолжи поддршката на студентите и понатаму да ја продолжат својата ентузијастичка, но професионална работа и да продолжат да се претставуваат на научни собири.

Организациониот одбор на Конгресот и овој пат наиде на слаба поддршка и учество на владиниот и бизнис секторот. Се надеваме, дека во иднина оваа слаба поддршка ќе премине во заедничка соработка, а следните еколошки конгреси ќе бидат реализирани со вклучување на сите институции кои работат на полето на заштитата на животната средина и природата.



# 90 години BirdLife International

**По повод јубилејот на најголемата меѓународна организација за заштита на птиците, ви ја пренесуваме кратката изјава на Нејзиното величество принцезата Такамодо од Јапонија, почесен претседател на BirdLife, за работата на организацијата**

„BirdLife International е единствен тип на меѓународна организација, глобално партнерство на повеќе од 100 национални организации за заштита на природата. Формирано пред 90 години како *Светски совет за заштита на птиците*, BirdLife има научен приод кон собирање и анализирање на податоци кои ги користи во работата со меѓународните конвенции, владите и локалните власти, заедниците и бизнисите, за да ги направи мерките и проектите за заштита на природата поефикасни. BirdLife има репутација не само на поверлива и авторитетна асоцијација, туку и организација внимателна кон потребите на луѓето кои живеат во подрачјата каде што таа работи, што ме прави горда да бидам нејзин почесен претседател.“

„Од климатските промени до загубата на биодиверзитетот - темите со кои се соочуваме на полето на заштитата на животната средина се чинат бесконечни. Императив е да се преземат ефективни акции. Во оваа насока, BirdLife има иницирано повеќе глобални програми. Кампањата „Шуми на надеж“ има за цел до 2015 година да го спречи обезшумувањето и да се обноват природните шуми во 20 подрачја, кои ќе опфаќаат најмалку 5 милиони хектари тропски шуми. Програмата за зајакнување на локалните заедници им помага на луѓето да ги подобрат нивните локални средини за доброто на биолошката разновидност, но и нивниот личен квалитет на живот и домаќинства, и да се зајакне отпорноста на екосистемите да се справат со влијанието на неизбежните климатски промени.“

BirdLife INTERNATIONAL 90



*Повеќе информации за јубилејот на BirdLife се достапни на интернет страниците на МЕД и BirdLife International*

Бул. Кузман Јосифовски-Питу бр. 28/3-7, 1000 Скопје, тел: 02 2402 773, факс: 02 2402 774
contact@mes.org.mk www.mes.org.mk